# Придонес до ЕК

## Извештај за напредокот на Македонија за родовата еднаквост за 2009 година
*Мај, 2009*

## I. Вовед

### 1. Предговор

Овој извештај претставува резиме на напредокот постигнат во сферата на родовата еднаквост во Република Македонија.

Извештајот го подготвија Здружението на граѓани Акција Здруженска[1] и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ - ЕСЕ[2] како свој придонес за процесот на подготовка на Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија во 2009 година.

Важно е да се нагласи фактот дека ова е прва година на зголемен интерес за напредокот во областа на родовата еднаквост и женските права проследен со пообемни консултации на ЕК со женскиот дел на граѓанското општество.

Податоците и информациите што се дадени во овој извештај ја следат структурата на претходните извештаи за напредокот.

### 2. Контекст

**Односи помеѓу ЕУ и Република Македонија**

Стратегиските области од индикативниот документ за повеќегодишно планирање (ИДПП) 2007-2009 се опфатени со пет компоненти: транзициска помош и институционално градење, прекугранична соработка, регионален развој, развој на човечките ресурси и рурален развој. Родовата еднаквост се смета за хоризонтално прашање во стратегиските документи. ИДДП се изготвува за тригодишен непрекинат период и се прегледува на годишна основа.

ИДДП ја споменува родовата еднаквост како прашање што се провлекува низ сите други прашања: еднаквите можности за недискриминирање ќе се почитуваат како во однос на родот така и во однос на малцинствата и ранливите групи во програмската фаза и фазата на спроведување, особено во однос на социо-економските програми за поддршка". (*Анекс А, стр. 49).* Понатаму, родовите прашања се истакнати во однос на вработувањето во компонентата IV – Развој на човечките ресурси. Родовите показатели во документот покажуваат дека во 2004 година стапката на вработеност на жените во Македонија била само 28,8%, а на мажите за околу 16% повисока (44,4%). Помеѓу главните приоритети во областа на

1 http://www.zdruzenska.org.mk
2 http://www.esem.org.mk

развојот на човечките ресурси е „*Решавање на состојбата на младите, на жените и на долгорочно невработените на пазарот на трудот:* Може да почнат пилот-проекти за да и се пријде на тешката состојба со невработеноста на младите, да се подигне учеството на жените во вработеноста и да се оди во прилог на (повторното) внесување на долгорочно невработените конкретно преку иницијативи за отворање работни места и превентивни мерки.“

Иако родовата еднаквост се воведува како прашање што се провлекува низ сите области во документот, има многу примери каде што родовата еднаквост може да се спомене посебно и како важен предизвик на кој треба да му се пријде. Други прашања што се провлекуваат низ сите области како што се животната средина и доброто владеење добиваат повеќе внимание бидејќи се истакнати како клучни предизвици или главни области за интервенција. Родовата еднаквост се нагласува само во компонентата IV – Развој на човечките ресурси, иако е многу релевантна за да привлече внимание на родовите прашања во сите компоненти. Родовите прашања може и понатаму да се наведуваат во однос на, меѓу другото, руралниот развој, образованието, прекуграничната соработка, социјалната политика.

Понатамошното разгледување на помошта на ЕК открива недостаток на засегнатост со родовите прашања во проектите.

Документите 2007 и 2008[3] година што стојат на располагање даваат списоци на проекти изготвени преку механизмот на применета консултација од страна на Владата на Р. Македонија. Граѓанското општество сериозно го критикуваше овој механизам поради недоволно транспарентност и поради тоа што вклучува само ограничен број на ОГО, главно членки на Граѓанската платформа.[4] Во документите не можат да се оценат конкретни проекти во однос на родовата еднаквост и јакнењето на жените. Понатаму, во ниту еден проект не може да се регистрира некоја конкретна активност со која ќе се обезбеди оценка на родовото влијание врз основа на конкретни показатели.

Понатаму, недоволната стручност за родови прашања (во многу случаи таа целосно отсуствува) во рамките на институциите (управата) е проблематично. Според нас, знаењето и вештините за вршење анализа на родовото влијание при планирање, спроведување и евалуација треба да биде задолжителен дел од обуката и процесот на консултација. Згора на тоа, треба да се користи локалната стручност во сферата со цел да се помогне и да се обезбеди дека ќе се земе предвид конкретното знаење во локалниот контекст. Не се достапни квалитативни и квантитативни родови податоци и анализи и поради тоа не се користат за да послужат како основа за интегрирање на родовите аспекти и за поставување на показатели чувствителни на род во планирањето и развојот на проектите. Овие недостатоци влијаат на понатамошното следење и евалуација на ефективноста на проектите, особено во однос на нивното влијание врз мажите и жените.

---

3 Национална програма за ПЈР Македонија во рамките на Компонентата за ИПА - транзициска помош и институционално градење за 2007 и 2008 година

4 Од вкупно 6.000 национални ОГО, само 29 се членки на Граѓанската платформа.

Програмите за 2007 и 2008 година предвидуваат **учество на граѓанското општество во одлучувањето и во обезбедувањето социјални услуги.** Главниот дел од финансирањето оди во техничка помош за градење на капацитетите на одделението за соработка со граѓанското општество на Владата (300.000 евра за 2007 година и 500.000 евра за 2008 година). Моделот на грантовите (кои во иднина треба да ги раководи одделението) од 800.000 евра за приближно петнаесет договори се распределуваат со очекувано кофинансирање од 10-15 отсто. Земајќи го предвид недостатокот на ресурси и капацитети на женските НВО во Македонија, голема е веројатноста дека тие нема да имаат пристап до овие грантови.

## II. Општ напредок во 2008 година

### 1. Политички критериуми

**Демократија и владеење на правото**

***Парламент***

- **Парламентарни избори**

Во изборниот законик стои дека во поднесениот список на кандидати за Членови на Парламентот и во списокот на кандидати за членови на општинските совети и Советот на град Скопје секое трето место треба да биде резервирано за помалку застапениот род. [5] Според последните парламентарни избори одржани во јули 2008 година, бројот на избрани жени во Парламентот е 32,8 отсто.[6]

- **Функционирање на Парламентот**

**Парламентарната комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените** едвај ја игра својата улога да врши мониторинг на правните регулативи предложени од Владата од аспект на родовата еднаквост. Пренесените седници на Комисијата и податоците што стојат на располагање на интернет-страницата на Парламентот покажуваат загрижувачка тенденција да ги промовираат единствено успесите и напредокот на владините институции во областа на родова еднаквост наместо да се дискутираат суштинските прашања што треба да се решаваат во сферата на родовата еднаквост и женските права.

Краткиот извештај за 2008 година[7] за работата на Комисијата покажува дека се одржале седум седници со вкупно осум прашања на дневен ред за дискусија. Предмет на разгледување бил еден закон (Измени и дополнувања на Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените) и предлог-буџет за 2009 година без информација за заклучоците. Не се објавиле измените и дополнувањата, ниту пак

5 Член 64. став 5
6 Извор: www.sobranie.mk, посетена на 12.12.2008 година.
7 www.sobranie.mk

се дискутирале други акти (одлуки, декларации, програми). Спроведувањето на родовите квоти и Извештајот за напредокот на ЕК за 2008 година биле помеѓу шесте извештаи што биле предмет на разгледување. Комисијата организирала три јавни дебати во врска со механизмите за заштита од семејно насилство како и со заштитата на децата од насилство како еден од своите клучни приоритети.

Воопштно немало дискусија за спроведувањето на Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените и за Националниот акционен план за родова еднаквост. Исто така многу загрижува тоа што немало никаква дебата за серијата дискриминативни правни измени, ниту пак имало некаква реакција за скапите владини кампањи (некои од нив со религиозна содржина) кои ги промовираат традиционалните и патријахалните вредности во општеството.

**Националниот совет за европска интеграција** вклучи „претставници од сите сектори на граѓанското општество", како што се наведува во Извештајот за напредокот за 2008 година. Едно од прашањата што загрижува е дека повеќето од претставниците на граѓанското општество немаат задолжително конкретна стручност и заложба за родова еднаквост, па така можноста овој аспект од пристапот во ЕУ да се иницира за дискусија е екстремно ограничена.

**Постојаниот комитет за иследување за заштита на граѓанските права и слободи** на Собранието на Република Македонија има мандат е да ги истражува прашањата поврзани со заштитата на слободите и правата на граѓаните во случај да не можат нив да ги уживаат во пракса. Наодите на Комитетот се основа за поведување постапка за службеници од јавниот сектор да се повикаат на одговорност.

Комитетот не беше вклучен во разгледувањето на нацрт-законот за заштита од насилство во рамките на семејството (посебен закон), предложен од страна на пратениците од НСДП. На седницата на Комитетот одржана на 7 февруари 2008 година, беа поканети ОГО за да дадат свое мислење во однос на нацрт-законот. нацрт-законот содржеше регресивни одредби во споредба со постоечките правни регулативи за таа појава. Недоволното разбирање на феноменот на семејно насилство, потценувањето на резултатите и напредокот што е постигнат во оваа сфера, како и недоволната стручност, резултираа во предлог на такви регресивни правни одредби.

Поради тоа на седницата беа елаборирани детални аргументи **против усвојувањето на предложениот посебен закон.** Понатаму, претставниците на граѓанското општество беа поканети од страна на женската парламентарна група која организираше „јавна расправа" како еден од демократските процеси за прибирање мислења од општата јавност и стручњаците на тема семејно насилство. По овие два состанока, предложениот нацрт-закон беше едноставно повлечен и никогаш повеќе не се разгледуваше од страна на ниту една собраниска комисија. За жал, собраниската Комисија за еднакви можности не го сметаше овој закон за соодветен за разгледување.

*Влада*

- **Назначување**

Уставот и законите овозможуваат жените да учествуваат и да бидат поставени на државни позиции, т.е. да ги претставуваат своите влади на меѓународно ниво и да учествуваат во работата на меѓународните организации. Согласно со Уставот на Република Македонија, сите граѓани имаат право да учествуваат во вршењето јавни функции.

Застапеноста на жените во Владата[8] е најниска досега, т.е. споредено со целиот период во кој Република Македонија постои како независна држава. Практиката да се назначуваат најмалку три жени за министри се промени. Од вкупно 19 министерски позиции (вклучително и министрите без ресор), жените се застапени со само 9,1 отсто. Има само две жени министри (Министерство за внатрешни работи и Министерство за култура). Помеѓу министрите без ресор нема жени на таа позиција.

Во однос на позицијата заменик-министер, од петнаесет министерства само три жени се назначени за заменици (Министерство за образование, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за информатичка технологија). Кога станува збор за етничката застапеност, има само една Албанка заменик-министер, или 6,7 отсто од вкупниот број на заменици.

Застапеноста на жените на позицијата Државен секретар е највисока. Од петнаесет соодветни министерства, пет жени се назначени на овие позиции, што соодветствува со третина (Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за економија и Министерство за транспорт).

Министерството за животна средина и просторно планирање е единственото министерство каде што жени се назначени на позициите заменик-министер и државен секретар, а Министерството за образование е единственото министерство што има Албанка назначена на позицијата заменик-министер.

Во трите столба од надворешните работи, само 13,8 отсто од раководителите на дипломатско-конзуларните канцеларии се жени.[9] Нема жени во општите конзулати, а помеѓу раководителите на постојаните мисии само 12,5 отсто се жени.[10]

- **Функционирање на Владата**

---

8 Извор: www.vlada.mk, посетена на 22.05.2008 год.
9 Извор: www.mfa.gov.mk, посетена на 12.12.2008 год.
10 Извор: www.mfa.gov.mk, посетена на 12.12.2008 год.

Единствената државна институција за подобрување на статусот на жените е **Секторот за еднакви можности**, кој беше формиран во март 2007 година во рамките на Министерството за труд и социјална политика. Мандатот на секторот е регулиран со Законот за еднакви можности[11]. Едно од одделенијата во состав се занимава со родова еднаквост, а другото одделение со превенција и заштита од сите форми на дискриминација.

На национално ниво, соодветните министерства согласно со Законот за еднакви можности имаат обврска да назначат службено лице – **координатор**, кој ќе ги координира активностите во рамките на мандатот на секое министерство во насока на постигнување родова еднаквост[12].

Најновите оценки на проблемите поврзани со функционирањето на координаторите за родова еднаквост на национално ниво покажаа бројни слабости, кои претставуваат сериозни пречки за спроведување родова еднаквост во земјата.[13] Кога станува збор за профилот и функцијата на координаторите за родова еднаквост, беше согледано дека тие немаат работен ресор, т.е. опис на нивните должности и одговорности како координатори за родова еднаквост. Понатаму, некои од координаторите не знаат за нивното назначување за координатори за родова еднаквост, т.е. дури и не биле консултирани пред да бидат назначени. Досега ниту еден од назначените координатори не подготвил годишен извештај за нивното работење. Тие дале објаснување дека никој не побарал од нив да подготват извештај и дека немаат информација оти подготовката на извештајот е задолжителна.

Кога станува збор за восприемањето и знаењето за родовата еднаквост, кое го имаат координаторите, беше заклучено дека тие имаат различно ниво на знаење. Разликите се движат од многу основно до напредно ниво на восприемање и знаење за родовата еднаквост.

Извештајот покажа дека дел од назначените кординатори не се запознаени со содржината на Националниот акционен план, ниту пак се запознаени со фактот дека тие имаат мандат за негова имплементација. Кога станува збор за спроведувањето на предвидените активности, координаторите изјавиле дека тие активности не ги спроведува нивното министерство, или пак каде се спроведуваат, тие немале информации за тоа.

Тоа го покажува апсолутното отсуство на координација помеѓу Секторот за еднакви можности и Координаторите за родова еднаквост во целиот циклус на создавање, спроведување, следење и оценување на плановите за родова еднаквост на земјата.

---

11 Член 14

12 Член 13

13 Извештај од утврдената состојба и препораки за понатамошен развој и соработка на координаторите за родова еднаквост на национално ниво, достапен на http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Finalen%20izvestaj%20so%20preporaki.doc.

Кога ќе се осврнеме на алатките за воведување родова еднаквост во соодветните министерства, беше заклучено дека постои политичка волја за воведување родова еднаквост, но дека постои недостаток на статистички и аналитички податоци што ќе овозможат соодветно формулирање и планирање на активности. Единствените податоци што се собираат се за застапеноста на жените во јавната администрација. Има очигледен недостаток на координација помеѓу координаторите и Секторот и координаторите. Понатаму, нема доволно средства распределени за спроведување на Националниот план за родова еднаквост. Поради тоа, активностите што се содржат во годишните Оперативни акциони планови се определуваат со расположливите средства од странски донатори и не се засноваат на националните приоритети и потреби.

- **Подготовка на нацрт-закони и политики**

Практиката на нетранспарентност и невклучување на организациите на граѓанското општество во процесот на изготвување нацрт-закони и политики продолжи во 2008 година. Ова особено беше случај при подготовката на нацрт-законот за социјална заштита и Стратегијата за демографски развој за 2008-2015 година.

Само измените за Законот за семејство, каде што дефиницијата на семејното насилство беше усогласена со дефиницијата на семејното насилство од Кривичниот законик и воведувањето во пракса на можноста жртвата да поведе постапка за времени мерки директно во судот, може да се оцени како позитивно. Вреди да се спомене дека овие измени се резултат на заедничката соработка помеѓу надлежните организации од граѓанското општество и соодветните владини актери.

- **Посебна обука за родови прашања**

Постои недоволно јасно разбирање и знаење за концептот за еднакви можности како и за стратегиите со кои се постигнува родова еднаквост како цел во земјата.

Не постојат систематски, сеопфатни програми за обука што ќе обезбедат соодветно практично спроведување на теоретските концепти од страна на релевантната јавна администрација.

Исто така, не постои обука подготвена посебно за родови прашања за професионалните структури што се занимаваат со родови прашања (семејно насилство, здравствени проблеми, трговија, азил, образование, итн.).

Програмата за основна и постојана едукација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители содржи некои модули посветени на недискриминацијата.

Освен одржаните обуки на граѓанското општество, има обуки иницирани и поддржани од страна на меѓународните агенции (главно ОН и ОБСЕ); сепак,

нивната ефективност е прилично ограничена.

- **Децентрализација и родова еднаквост на локално ниво**

**Локални избори**

Општо земено, локалните избори беа оценети како позитивни (посетени беа 97 проценти од избирачките места). Беа забележани неколку процедурални прекршувања и некои изолирани случаи на сериозни прекршувања. За жал, феноменот на семејно гласање беше забележан во 13% од посетените избирачки места, што според изјавата на Мисијата за набљудување на изборите с# уште е високо, но значително е намалено во споредба со првиот круг[14]. Може да се заклучи дека кампањите за подигање на јавната свест не се доволно средство за искоренување на оваа појава во земјата.

Не се избра жена-градоначалник.

Официјалната статистика за застапеноста на жените во општинските совети с# уште не е објавена на официјалната интернет-страница на Државната изборна комисија, ниту пак е објавена на интернет-страницата на граѓанската организација МОСТ, или на интернет-страницата на Државниот завод за статистика.

Со цел да се оценат податоците во врска со оваа прашање, беа анализирани податоците од интернет-страниците, таму каде што тие се достапни. Некои од интернет-страниците на општините беа во процес на изработка и на некои немаше податоци во врска со ова прашање. Од 84 општини и градот Скопје оценети беа податоците на 49 општини.

Од 49 општини што беа анализирани и оценети, највисока застапеност на жени има во три општини: Крушево (50 проценти); Радовиш (42,1 проценти) и Ново Село (40 проценти). Најниската застапеност на жени е присутна во следните три општини: Чашка и Сопиште со 9 проценти или една жена од вкупниот број на општински советници, и во општината Илинден со 13,3 отсто.

Процентот на вкупната застапеност на жени во 49 општини е приближно 26,3 отсто, што е за 3,3 отсто повисоко од последните локални избори одржани во 2005 година. И покрај тоа, резултатите покажуваат загрижувачки знак дека во три од 49 оценувани општини нема жени-советнички. Тие општини се Карбинци, Македонски Брод и Новаци. Оваа состојба покажува дека не бил почитуван Изборниот законик, или задолжителните квоти, т.е. не се почитувало дека секое трето место да биде резервирано за помалку застапениот род.

Според изјавата на портпаролот на Државната изборна комисија, во

14 Извор: Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци, Мисија за набљудување на изборите, Поранешна Југословенска Република Македонија, Претседателски и општински избори, втор круг, 5 април 2009 година.

општина Липково има случај каде што две жени-советнички од политичката партија Нова демократија го откажаа својот мандат во корист на машки колеги - сопружници. Оваа практика се зголемува особено кога станува збор за последните локални избори. Поради овој факт, дури и ЗЕЛС (Здружението на единиците на локална самоуправа) нема официјални податоци за застапеноста на жените во општинските совети, што значи дека листите на советници не можат да се финализираат. Поради тоа, овие резултати ќе бидат објавени на нивната интернет-страница, најдоцна до крајот на мај или во почетокот на јуни.

**Функционирање на локалната власт**

Процесот на децентрализација беше иницииран со цел да се обезбеди локалните самоуправи да играат најважна улога во обезбедувањето социјална, економска и политичка правда за сите граѓани во заедницата. Поради тоа, една од обврските на локалната самоуправа е да се посвети посебно внимание на родовата еднаквост и на статусот и позицијата на жените.

Законот за еднакви можности пропишува посебни задолжителни обврски за ЛСУ (Единиците на локалната самоуправа) во однос на промовирањето на принципот на еднакви можности, развој на политики за постигнување родова еднаквост на ниво на локална заедница. Исто така, законот пропишува задолжително формирање **комисии за еднакви можности помеѓу мажите и жените** (КЕМ) како и назначување **координатори за еднакви можности помеѓу мажите и жените**, чија обврска е исто така да обезбедуваат унапредување на родовата еднаквост и воспоставување еднакви можности за мажите и жените на локално ниво.[15]

Извештајот за напредокот на ЕК за 2008 година (две години по усвојувањето на Законот) бележи формирање комисии во 79 од 85 општини.

Се уште не е изготвена сеопфатна рамка за следење со јасни показатели за спроведувањето на Законот, која ќе оди над регистрирање само на бројот на формирани комисии.

Во 2008 година, Акција Здруженска спроведе анализа на спроведувањето на Законот на локално ниво со цел да се обезбедат релевантни информации за нивото на свесност на локалните власти во однос на Законот и прашањата на кои тој закон им приоѓа, за тековниот статус на спроведување на Законот, за практиките на операционализација на локалната машинерија и за квалитетот на комуникација помеѓу локалните управи со релевантните засегнати страни на локално и централно ниво. [16]

---

15 Член 16

16 Анализата се заснова на прашалниците што им беа испратени на сите 84 општини и градот Скопје, од кои преку 50 отсто беа одговорени, Министерството за труд и социјална политика и разговорите со претставниците на 5 локални управи. Објавувањето на целосниот извештај се очекува во јуни 2009 година.

Општиот заклучок е дека законот не се зема предвид сериозно. Повеќето од градоначалниците и претседателите на советите (60 проценти) изјавија дека Законот е спроведен делумно. Ниското ниво на спроведување се лоцира во неговата недоволна промоција.

Висок процент на градоначалници (80 проценти) и претседатели на совети (58 проценти) мислат дека се целосно информирани за содржината на Законот. Во секој случај, впечатокот за нивото на свест и разбирање на клучните актери во однос на природата, целта и одговорностите што произлегуваат од Законот, не е доволно развиен. Некои од нив јасно ја искажаа потребата за дополнителни програми и подзаконски акти (за спроведување на правни рамки) за да се појаснат нивната улога, одговорности и задачи со цел да можат да обезбедат соодветно спроведување на Законот.

Најчестите критериуми што ги користат градоначалниците и претседателите за мерење на успехот или неуспехот на спроведувањето на Законот е застапеноста на жените во органите на администрацијата и локалната управа. Само половина од градоначалниците и претседателите презеле активности за постигнување на целта и идејата на Законот. Во секој случај, тие ја согледуваат својата улога на многу формален начин, само во однос на формирање на КЕМ и назначување Координатори, без да се зазема проактивна улога во поведување вистински иницијативи што одговараат на нивната улога и мандат во локалната управа.

Една од пречките за спроведување на Законот е ниското ниво на соработка помеѓу градоначалниците, општинските совети и локалната родова машинерија (КЕМ и координаторите).

Најголемиот дел од преземените активности се иницирани од граѓанското општество, а некои од нив се целосно надвор од сферата на родовата еднаквост. Финансиската структура на овие мерки и активности доаѓа од граѓанското општество или донатори. Две работи загрижуваат: недоволната подготвеност кај локалните управи за распределување буџет за родова еднаквост и пополнување на празнината од нивната сопствена неактивност и недоволната одговорност.

Стручноста на службениците на локалната управа, родовата машинерија и администрацијата се многу мали, а обуките спроведени досега се недоволни.

Само една четвртина од формираните КЕМ биле формирани поради задолжителнате обврска пропишана со Законот. Другите биле формирани како резултат на иницијативите и лобирањето од надворешни актери. Родовата структура (застапеноста на мажите и жените) на КЕМ покажува „феминизација“ на машинеријата, што значи дека најголемиот дел од нивните членови се жени. Тековната перцепција на Законот за еднакви можности за мажите и жените како помалку важен и маргинализираната позиција на жените во телата што ги носат одлуките создаваат основа за двојна маргинализација на КЕМ.

Во однос на функционирањето на КЕМ, прибраните податоци покажуваат дека една третина од нив не организирале ниту една седница, приближно 70 отсто не подготвиле годишни работни програми, а само една половина од нив презеле некакви мерки и активности. Улогата на КЕМ да оценува различни планови за развој, одлуки и други акти на локалната управа од родова перспектива е тесно поврзана со својот најважен мандат да подготвува и да поднесува препораки до соодветните актери во рамките на локалната управа. Само една третина од КЕМ презеле таква активност. Повеќе од половина од општините не ги спровеле препораките на КЕМ. Многу загрижува мошне нискиот процент на КЕМ што подготвиле и поднеле годишни извештаи за својата работа.

Многу загрижува и состојбата со координаторите (онаму каде тие се назначени). Сите координатори биле назначени од веќе постоечката администрација и повеќето од нив немаат јасна слика за надлежностите и задачите на кои треба да можат да им одговорат за да ги исполнат обврските, што од друга страна е дополнителен работен товар. Нивното формално работно место е менливо и не може да се воспостави модел. Според Министерството за труд и социјална политика сите координатори ги исполнуваат потребните критериуми за стручност и компетентност. Сепак, податоците за нивното образование и обуки се едвај доволни за да се заклучи дека нивното конкретно знаење за родовите и женските права се доволни за да ја исполнат улогата на одржлив извор на експертиза.

**Човекови права и заштита на малцинствата**

### *1.2.1. Следење на меѓународните човекови права*

Општата ситуација со човековите права за жените во земјата с# уште може да се опише со три глобални заклучоци, кои се извлекуваат од спроведените правни анализи и откриената фактичка ситуација во рамките на подготовката на Првиот извештај од сенка за Конвенцијата CEDAW.[17]

Наодите од извештајот покажуваат дека има голем степен на усогласеност помеѓу постоечката легислатива и одредбите од Конвенцијата во однос на елиминацијата на сите форми на дискриминација против жените. Состојбата е малку понеповолна во однос на спроведувањето на усогласените правни акти. Најнеповолната оценка е таа за фактичката состојба со позицијата на жените во семејството и општеството, т.е. постои значајна разлика помеѓу правната и фактичката состојба во однос на позицијата на жените.

Има постојан недостаток на унапредување на женските човечки права во земјата. Поради тоа Конвенцијата CEDAW никогаш не се користела како основа за заштита од дискриминација врз основа на род во земјата.

### *1.2.2. Граѓански и политички права*

---

17 Извештај од сенка за спроведувањето на Конвенцијата CEDAW, 2005, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ – ЕСЕ.

- **Народен правобранител**

Институцијата **Народен правобранител** според Законот за Народен правобранител[18] (член 2) треба да ги заштитува законските права на граѓаните кога тие се прекршени со акти, дејства или пропусти на органите на државната администрација и на други тела и организации што имаат јавен статус и презема дејства и мерки за заштита на принципите за недискриминација. Досега Народниот правобранител не одиграл улога за искоренување на дискриминацијата врз основа на род во земјата. Извештајот од Народниот правобранител за 2008 година не содржи никакви податоци во врска со родова дискриминација, освен за застапеноста на жени во соодветните државни институции.

Понатаму, заштитата од родова дискриминација е нејасна поради одредбата што се предвидува во Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените. Член 24 од Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените пропишува дека поведувањето постапка може да се изврши со поднесување писмена иницијатива до орган што застапува. Утврдениот мандат на органот што застапува не предвидува ефективна заштита во случај на дискриминација врз основа на род, бидејќи постапката резултира само во писмени мислења. Тоа мислење може да содржи описи на прекршувањата на принципот на еднаков третман, доколку се утврди како таков, како и препораки за примена на принципот. Понатаму, клиентите се упатуваат за понатамошна заштита до надлежното инспекциско тело, јавен правобранител или друго надлежно тело. Начинот како оваа постапка се предвидува во Законот за еднакви можности **не обезбедува ефикасност, напротив, ја одлага и ја удвојува самата постапка.** Покрај овие процедурални аспекти, органот што застапува с# уште не е назначен, иако има потреба за реферирање и процесуирање случаи на родова дискриминација.

- **Затворски систем** [19]

Постојат наводи за **лош третман** спрема жените во затворите, но тие никогаш не биле документирани. Општо гледано, ова ја зазема формата на службениците што се пазарат со жените затвореничките за да им исполнат одредени потреби на жените за возврат. Тие бараат од нив да направат нешто за нив, дури и сексуални услуги. Иако има случаи на лош третман, нема формална постапка да им се пријде на таквите случаи.

Нема посебна институција или затвор за приведени жени, но има женски дел во затворот во Идризово. Сите осудени затворенички се сместуваат во овој дел.

Во однос на здравствената заштита, сериозниот недостаток на медицински персонал во затворскиот систем во Македонија исто така важи и за жените-

18 Службен весник бр. 60/03

19 Состојба со човековите права во Македонија, ОМЦТ и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ-ЕСЕ, мај 2008 година, доспна на http://omct.org /pdf/UNTB/2008/shadow_report_omct_macedonia_women_children.pdf.

затвореннчки. Покрај тоа, нема едукација или активност за затвореничките организирани од државата. Нема семејна терапија (со затвореничките и нивните семејства), која ќе обезбеди подобра ресоцијализација и реинтеграција по казната.

Нема мерка или надополнување и реинтеграција што е експлицитно приспособена за жени жртви на тортура или друг лош третман. Оваа прашање се разгледува во контекст на правото на надомест, и за жени и за мажи. Во пракса, жените поведуваат постапки за надоместок според општите членови на Законот за облигации и не се соочуваат со посебни пречки.

- **Слобода на изразување**

Родовите стереотипи и сексизмот во медиумите продолжуваат да бидат една од главните работи што загрижуваат. Советот за радиодифузија треба да го развие својот капацитет да им приоѓа (барем) на најекстремните случаи на мизогинија и говор на омраза насочен против жените во радиодифузните медиуми.

- **Слобода на здружување и организирање во контекст на организациите на граѓанското општество**

Просторот за суштинско позиционирање во граѓанското општество, општо земено, стана прилично ограничен. Негативното етикетирање на невладините организации, кои се осмелија да го предизвикуваат зголемувањето на дискриминативните политики и промовирањето на традиционалните родови улоги со партиска - опозициска припадност, $ стана многу ефективен начин на Владата како да го минимизира нивното јавно влијание.

Учеството на релевантните женски ОГО (организации на граѓанското општество) во развивањето и планирање политики е ограничено. Најголемиот дел од нивните препораки дадени во процесот на изработка на политиката и правната рамка за родова еднаквост не беа уредно земени предвид од страна на владините институции.

Недостатокот на финансиски ресурси за женските групи или ОГО, чиј примарен мандат е да работат на родовата еднаквост и женските права, ги загрозува нивниот фокус и постоење. Владините средства се тесно поврзани со приоритетите поставени со нивните политики, а родовата еднаквост дефинитивно не е прашање од приоритет. Најголемиот дел странски средства се со недоволен фокус на конкретните родови прашања и прашања поврзани со јакнењето на жените. Голем дел од средствата обично го апсорбираат меѓународните агенции или големите организации за развој, што опстојува со реплицирање на „успешни модели“ што може да не е соодветно за контекстот и потребите на Македонија.

- **Слобода на вероисповед**

Слободата на вероисповед се повеќе се толкува на погрешен начин како

право да се влијае на индивидуалниот избор на луѓето. Зголемената основа на моќ на религиозните институции и заедници резултираше во нивните видливи, и дури агресивни обиди да влијаат врз различните политики. Водечката институција е Православната црква, чии претставници многу јавно и многу јасно ја сместуваат жената само во нејзината „природна“ улога на мајка, негувателка и спасителка на македонската нација. Најмногу вознемирува ризикот да се промовираат таквите ставови во системот на формалното образование, бидејќи напорите повторно да се воведе веронаука во основното образование продолжија, дури и по одлуката на Уставниот суд да ги поништи соодветните законски одредби.

### *1.2.3. Економски и социјални права*

**Опстојување на традиционалните улоги на мажите и жените:** Иако имало некои промени во урбаните области во оваа смисла, руралните области и некои етнички заедници (албанската и ромската) продолжуваат со патријахалните модели на односи, особено во семеен контекст. Како пример, иако и двајцата родители имаат еднакво родителско право и одговорност согласно со Законот, во пракса, жените се тие што се одговорни за подигањето на децата.

**Домување и несоодветни услови за живот[20]:** Несоодветните услови за живот, во однос на позиционирањето на снабдувањето со вода, електрична енергија и санитарни системи, се чини дека е вообичаен проблем за поголемиот дел од регионите во земјата. Тие имаат особено негативен ефект врз начинот на живот во заедниците надвор од градските области, но исто така има примери каде што снабдувањето со вода не одговара и на потребите на некои градски области. Фактот дека жените не учествуваат во активностите на општинските совети, или на кое било друго ниво на локално одлучување, потврдува дека потребите на жените не се земаат предвид во смисла на урбаниот и руралниот развој и домување. Намалувањето на времето што е потребно да се донесе (собере) вода, како и времето потребно да се исполнат санитарните потребни и услови, би го зголемиле времето што им е достапно на жените.

**Образование:** Феноменот на девојчињата што ги напуштаат училиштата во текот на основното образование или при преминот од основно во средно образование е присутно во сите региони во земјата. Ова особено се забележува кај ромската, албанската и турската популација и во руралните области. Причините се следните: немање финансиски средства за образование; несоодветни области, кои се далеку од училиштата, немање свест кај родителите за придобивките на долг рок од образованието, традиционални вредности, кои резултираат со тоа момчињата да го продолжуваат образованието и ниската ефикасност на просветните инспекторати. Тимовите на инспекторатите не го контролираат функционирањето на обврската за основно и средно образование и не ги казнуваат родителите чии

20 Информациите кои се изложуваат во овој извештај за домување и соодветни животни услови, образование, здравствена заштита и социјално осигурување главно се користени од извештајот „На пат кон ЕУ: Придонес на секторот на граѓанското општество за градење на политиката на социјална инклузија во Република Македонија“, 2008, Институт за човекови права Лудвиг Болцман - БИМ.

деца го напуштаат училиштето. Други причини се многу раното стапување во брак, просењето како и проституцијата под присила на други членови на семејството поради егзистенцијални причини.

Традиционалните концепти во врска со улогата на мажите и жените се присутни во наставните програми, што резултира во промоција и засилување на традиционалните родови улоги. Пристапот до можностите што ги нуди неформалното образование е ограничен. Иако главно тоа се однесува на децата, исто така се однесува и на возрасните (и на мажите и на жените), кои имаат ограничен пристап до можностите на доживотно учење.

Неформалното образование нуди одредени вештини и знаење, кое момчињата и девојчињата не можат да ги стекнат во текот на формалното образование. Ова се однесува главно на девојчињата, кои споредено со момчињата поретко користат компјутерски програми и информатичка технологија.

**Здравствена заштита:** Жената како дел од вкупното население се соочува со недоволна примарна и секундарна здравствена заштита во руралните области и во малите градови. Најлошиот ефект е врз репродуктивното здравје на жената, бидејќи во овие области примарната гинеколошка здравствена заштита е недоволна. Само мал процент од жените користат контрацептивни средства, а користењето контрацепција е особено ниско кај Ромките и кај Албанките.

Има неколку факти што имаат многу негативен ефект врз здравјето на жената, особено врз нивното репродуктивно и сексуално здравје. Има особено иско ниво на здравствена едукација и свест, традиционални практики кај жените, недоволно посебни/ефективни програми за зголемување на нивната свест итн.

Жените во менопаузата се соочуваат со бројни здравствени проблеми. Доминантниот проблем за жената на оваа возраст е остеопорозата. С# уште нема програми што се занимаваат со проблемите поврзани со превенција и рано откривање на остеопорозата. Овој факт придонесува за влошување на здравствената состојба на жените на оваа возраст и доведува до тешко справување со сите проблеми што се дел од периодот на менопауза. Информациите и свеста кај жените се недоволни во однос на проблемите поврзани со менопаузата и остеопорозата, а особено во однос на важноста на овој проблем кај Ромките. Нема апарати за мерење на густината на коските (апарати што се користат за дијагностицирање на остеопорозата) во скоро сите општини. Апарати за мерење на коскената густина има во Тетово и Охрид, ама се наоѓаат кај приватни здравствени организации, каде што високата цена го прави овој преглед непристапен за најголемиот дел од жените.

Несоодветното спроведување на програмите за заштита од рак на грлото на матката и јајчниците и отежнатото користење на оваа програма за жените што немаат здравствено осигурување, ја прават здравствената состојба на жените дури и полоша, што ги доведува канцерогените болести на репродуктивниот тракт на

жените во напредна фаза. Земјата има висока стапка на канцерогени болести дијагностицирани во подоцнежни фази кај женската популација.

**Социјално осигурување:** Жените се појавуваат како жртви на сите видови насилства, кои без исклучок се присутни во Република Македонија. Недостатоците кај овозможувањето на потребната социјална заштита се различни и се поврзани со типот на насилство во кое жената е жртва. Покрај различните видови насилство врз жените, исто така има и различни повреди на загарантираните права и слободи на жените, како слободата за слободно стапување во брак, а особено изборот на идниот сопруг и условите на самохраните родители (мајки).

Не постои соодветна официјална реакција и особено социјална заштита на жените-сексуални работнички. Проституцијата е присутна без исклучок во сите региони на Република Македонија.

Пропишаните форми на мерките за социјална заштита на жртвите на семејно насилство не се целосно реализирани. Исто така, отсуствуваат соодветни превентивни мерки за намалување на семејното насилство. Програмите за поддршка на жените жртви на семејно насилство и нивно вработуваањ,е кои треба да овозможат финансиска независност на жената, не постојат. Обемот и типот на семејно насилство врз жената во нашата земја се определува преку истражувања спроведени во 2000 и 2006 година. Според последното истражување, физичкото насилство (56,4 %) е најзастапениот тип на насилство во споредба со психолошкото насилство (17,7 %) и сексуалното насилство (10,6 %).

Прашањето на сексуално малтретирање значително ја загрижува јавноста во Македонија подолго време; владата не нарачала ниту едно истражување на темата. Само неколку невладини организации и академски работници сериозно му пришле на оваа прашање[21]: „Жените во Република Македонија немаат јасно разбирање за тоа што навистина претставува сексуалното малтретирање на работното место. […] Според истражувањето, 59,3 проценти од испитаниците претрпеле некоја форма на сексуално малтретирање на работното место, 11,3 проценти веруваат дека иако биле изложени на некоја форма на сексуално малтретирање, сепак – како што се изјасниле – тоа не било ништо сериозно – само нормална работа што може да се случи на работното место; 40,7 проценти изјавиле дека не биле изложени на никаква форма на сексуално малтретирање на работното место“.

Трговијата со жени, конкретно внатрешната трговија со девојки и жени од источна Македонија во западна Македонија беше истакната како проблем во југозападниот и северозападниот регион. Некоординираните дејства помеѓу релеватните учесници и институции во трговијата со луѓе, случаите на закана за волонтерите во граѓанските организации во претходно наведените региони, заканите за SWC-работниците, се основен проблем при справувањето со овој тип

21 Види го Магистерскиот труд на Викторија Гаврилова под наслов „Сексуално малтретирање на работното место“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социологија во Скопје, 2005 година.

насилство врз жената. Во различните региони на земјата утврдени се различни видови прекршувања на правото за слободно одлучување на жените во однос на стапувањето во брак и изборот на идниот сопруг.

Учеството во договорени бракови (кај ромското, албанското и турското население), прерани бракови и фиктивни бракови, ја претставува ранливата позиција на жената.

Позицијата на самохраните родители - мајки, особено на невработените мајки, е многу критична дури и покрај постоењето на програмите за вработување на самохрани мајки. Оваа неповолна состојба на самохраните родители - мајки се состои од немање помош во поддршка на нивните деца; немање социјална помош за нивните семејства, особено зо семејства каде што никој од семејството не е вработен; отсуство на поддршка за самохраните мајки што имаат деца со одредени пречки во развојот; отсуство на предност во однос на реализацијата на правото на соодветно домување и постоењето на пречки при искористувањето на соодветната социјална помош.

- **Социјално ранливи групи**

Покрај веќе споменатите ранливи категории жени, исто така има други ранливи категории жени како на пример: жени-работнички во фирми во стечај, жени технолошки вишок и невработени жени (особено тие жени што никогаш не биле вработени).

- **Политики против дискриминацијата**

Се подготвува Закон за борба против дискриминација. Иако овој закон се однесува на правата и системот на заштита на многу интересни групи, Владата на Македонија не изнајде начин процесот на овој закон да го направи транспарентен и инклузивен. Многу релевантни организации на граѓанското општество се изоставени од овој процес на подготовка и воопшто не се консултирани. Поради тоа, се јавува сериозно загрижување дека овој, толку долго очекуван закон, нема да ги исполни потребите и реалноста на граѓаните.

- **Роми**

Како дел од Декадата на Ромите, се изготви посебен Акционен план за подобрување на позицијата на Ромките за периодот 2008 – 2010 година.[22] Во согласност со акциониот план, изготвени се оперативни планови за 2008[23], 2009[24] и 2010[25].

---

22 Достапен на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/akcionen%20plan.pdf.
23 Достапен на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/operativen%20%202008.pdf.
24 Достапен на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/operativen%202009.pdf.
25 Достапен на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/operativen%202010.pdf.

Нема никави информации од кој било тип во однос на статусот на спроведување на овие документи.

## 2. Економски критериуми

### Статистика

Не се практикува систематско прибирање, производство, ажурирање и ревидирање на податоците во однос на тековната состојба со родовите односи, кое е релевантно за развојот и имплементацијата на политиките и програмите. На пример, последното (и единствено) Истражување за користењето на времето[26] го спроведе Државниот завод за статистика во 2004 година, како пилот-проект. Статистичките податоци разделени по род треба да се подобрат во однос на разновидноста и квалитетот.

### Вработување и социјална политика

Македонија е третата земја во регионот на ЕЦА (Европа и централна Азија) (по Косово и Турција) со најниско учество на жената во работната сила. Во 2007 година жените претставуваа 63,7 отсто од неактивното население во земјата[27]. Јазот помеѓу стапката на вработување на мажите и жените е висок и изнесувал 17 отсто во 2006 година (16 проенти во 2007). Ниското учество стапките на жените се должи главно на многу ниското ниво на учество на младите-рурални-неоспособени жени. Најголемиот дел од жените што не се дел од работната сила или посетуваат училиште или вршат домашни активности. Голем дел од неактивните жени се домаќинки што живеат во рурални области (74 проценти), со основно (или пониско) образование (67 проценти)[28]. Околу 83 отсто припаѓаат на возрасната група од 15-34 години и 25-54 години[29].

Според студијата спроведена помеѓу жените што припаѓаат на малцинствата преку интервјуа и фокусни групи, тие се соочуваат со разни тешкотии за пристап на пазарот на трудот:

**Возраст и вештини:** Жените со малку вештини (постари од 35 години) од немакедонско потекло што никогаш не учествувале на пазарот на трудот тврдат дека не веруваат дека би можеле да најдат вработување поради својата возраст. Сепак, спротивно на помладите и пообразовани жени, тие исто така не верувале дека ги имаат соодветните вештини што се потребни на пазарот на трудот.

**Брачен статус:** Жените учеснички тврделе дека кога одат на разговор за работа, прашањата за нивниот брачен статус се чинат дека се решавачки фактор за тоа дали да ја добијат работата или не: *„Првите прашања што (работодавачите) ви ги поставуваат кога одите на разговор за*

26 Државниот завод за статистика на Република Македонија, во рамките на своите меѓународни активности реализираше проект кој беше дел од ФАРЕ програмата познат како Истражување на користењето време, достапно на http://www.stat.gov.mk/english/statistiki_eng.asp?ss=07.05&rbs=5.

27 Профил на пазарот на трудот на ПЈР Македонија 2004-2007, СБ 27 јуни 2008

28 Профил на пазарот на трудот на ПЈР Македонија 2004-2007, СБ 27 јуни 2008

29 Ibid

*работа се: Дали си женет-мажена и дали планираш да се мажиш-жениш?; Дали наскоро планираш да имаш деца? итн. Доколку одговорите „да“, тогаш може да се збогувате со можноста да ја добиете работата“.* – Србинка од Куманово (мајка на мало дете)

**Физички изглед:** Неколку жени испитанички (главно од македонско потекло) биле изложени на дискриминација врз основа на нивниот изглед кога бараат вработување во услужниот сектор (на пр. угостителство, продажба). Тие изјавиле дека приватните работодавачи од овој сектор бараат атрактивни жени и нив ги советуваат да флертуваат со потрошувачите. Тоа била решавачка пречка жените да не продолжат да бараат вработување во овие сектори.

**Недоволно работни места:** Кај многу жени е забележано општо обесхрабрување (главно од немакедонско потекло) дека би можеле да најдат работа со своите квалификации (без оглед дали имаат основно или високо образование). *„Нема работни места за нас“,* заклучи една жена од Струга. Иако тие веруваат дека теоретски нема никакви пречки да си најдат вработување, бидејќи се физички и ментално здрави, во реалноста најголемиот дел од нив не можат да видат дека тоа се случува, бидејќи нема ниту едно, или има многу малку соодветни слободни работни места во градовите каде што живеат.

**Политичка припадност:** Речиси сите испитанички што изјавија дека би сакале да работат, се согласија дека се чувствуваат фрустрирано и разочарано поради „неофицијалните“ политики за вработување во земјата. Конкретно, доколку некој сака да најде вработување во државна институција (што с# уште се гледа како најсигурно вработување), мора да припаѓа на политичката партија што е на власт.

**Семејни обврски:** Релативно голем дел од жените од немакедонските етнички групи објаснија дека нивните обврски како негувателки не им дозволуваат да работат. Овие обврски може да се поделат на 1) грижа за нивните мали деца и 2) грижа за болен - стар член на семејството.

**Несигурни услови за работа:** Друг важен фактор што обесхрабрува да се бара работа во приватен сектор се поврзува со тоа што работодавачите не ги почитуваат постоечките регулативи за работни односи. На пример, вообичаена пракса на многу приватни работодавачи е да вработат некого да им работи 1-2 месеца пробно и потоа да го отпуштат со тоа што ќе исплатат плата за пробна работа, или воопшто нема да исплатат плата. Жените од приближно секој град се согласија дека тоа е вообичаена пракса во приватниот сектор (особено во текстилната индустрија). Искуствата од работата во приватните фирми беа наголемо негативни и вклучуваа доцна исплата на плати, долго работно време и помеѓу другото, работа без здравствено и социјално осигурување.

*Извор*: Светска банка и ЕФО (следен)

Националната стратегија за вработување на Владата[30] (2010) и Националниот акционен план за вработување 2006-2008[31] посебно $ приоѓа на невработеноста на жените.

Оперативниот план на МТСП за 2008 година вклучува: 1) програми за поддршка на самовработувањето, 2) „формализација“ на постоечките бизниси, 3) квалификација, преквалификација или доквалификација за познат работодавач, 4) странски јазик и обука за компјутери, 5) пилот-обука за дефицитарни занимања и вештини, 6) обука за претприемништво, 7) субвенционирано вработување за деца без родители, хендикепирани, самохрани мајки и постари и 8) прво вработување за млади.

Жените како посебна целна група се споменуваат само во првата категорија на активни мерки, што значи дека Планот не интегрира по род низ сите активни мерки.

30 Достапна на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija.pdf.

31 Достапен на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nap.pdf

Во некои анализи се забележува дека статистиката за користењето на мерките за вработување покажува оти истите ги користат повеќе мажи отколку жени, и дека само 25-30 отсто од корисниците на финансиската помош што доаѓа од владата се жени. [32]

Анализите на резултатот од активните мерки од родова перспектива треба да се спроведат во 2009 година како проект на Секторот за еднакви можности во соработка со УНИФЕМ, што треба да даде подетални информации за ефектите од тие програми.

Средствата за 2009 година за активните мерки на пазарот на трудот се зголемени, а целните групи се проширени со невработени жени што се жртви на насилство. Сепак, тешко дека е возможно програмата да има значајно влијание врз состојбата со вработувањето на жените, земајќи ги предвид индикациите што загрижуваат во однос на негативното влијание од економската криза врз текстилниот сектор во кој преовладуваат жени.

Има одредени напори за охрабрување на самовработувањето на жените преку владини средства и средства од донатори на проекти: Во секој случај, има неколку важни пречки што ги поткопуваат ефектите: многу жени (самовработени или претприемачи) функционираат во сивата економија и постои недостаток на јасна мотивација да се формализира нивниот статус поради трошоците. Програмите што се насочени кон жени обично обезбедуваат мали износи, па жените не аплицираат за достапните кредитни линии. Тоа се должи на барањата за недвижен залог или жиранти, бидејќи сопственоста на недвижнината и капиталот во традиционалното македонско семејство, без оглед на етничкото потекло, обично е на име на сопругот. Постојат индикации дека жените што формално примиле поддршка, не се вклучени во управувањето и одлучувањето, бидејќи во реалноста бизнисот всушност го води сопругот.

## ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

Подготовката за пристап во ЕУ бара концентрирани напори од страна на земјите кандидати и земјите потенцијални кандидати за да се исполнат родовите стандарди на ЕУ, особено во смисла на Патот кон еднаквост помеѓу мажите и жените, кој во 6.1. го појаснува следното: ***„Земјите што $ се приклучуваат на ЕУ мора целосно да го прифатат фундаменталниот принцип на еднаквост помеѓу мажите и жените. Тие мора да обезбедат строго спроведување на легислативата и да воведат во пракса адекватни управни и судски системи. Следењето на пренесувањето, спроведувањето и извршувањето на легислативата на ЕУ за родова еднаквост ќе биде приоритет на ЕУ за идните процеси за проширување“.***

1. **Треба да се следи приод на движење во две паралелни линии за**

32 Подршка на локалната самоуправа за жени претприемачи во РМ, Адријана Богдановска - Ѓуровиќ, Центар за знаење и менаџмент, јануари 2009 година.

**постигнување родова еднаквост: интегрирање на родовата еднаквост како прашање што се провлекува низ сите области на политиките, како и развој и примена на посебни активности за јакнење на жените и девојките.**

2. **Треба да се изработат сеопфатни национални политики за родова еднаквост, проследени со доволно средства, како и јасно формулирана рамка за спроведување на национално и локално ниво.**

3. **Треба да се практикува систематско прибирање, произведување, ажурирање податоци за тековната состојба со родовите односи, што е релевантно за изработка и спроведување политики и програми.**

4. **Да се промовира принципот на еднакви можности за жените и мажите и воспоставување механизми за ефективна заштита од дискриминација на основа на род.**

5. **Постојано треба да се врши ефективно следење и евалуација на приближувањето и спроведувањето на политиките и проектите, врз основа на јасно формулирани показатели (во согласност со веќе воспоставената политика на ЕУ за родова еднаквост и спецификите на националниот контекст).**

6. **Знаењето и вештините за анализа на родовото влијание при планирањето, спроведувањето и евалуацијата треба да бидат задолжителен дел од програмите за градење на капацитетите во рамките на институциите - администрацијата.**

7. **Треба да се спроведе постојан, вистински и структуриран дијалог за политиките, а стручноста на граѓанското општество од сферата треба да се користи со цел да се помогне и обезбеди конкретното знаење од локалниот контекст да се земе во предвид и да се интегрира при процесот на развој, спроведување и оценување на политиките.**